РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 1409-4/2/4
26.01.2021

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo
Pranuar / Примено 15.02.2021

| Njësia organizative / Организациона единица | Numri / Број | Shtojca / Прилог | Vlera / Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 353/1 | 0 | |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 10-та седница одржана на 28.12.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма "Политички науки" од втор циклус (магистерски) двегодишни студии на Факултет за современи и општествени науки при Универзитет за Југоисточна Европа - Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Политички науки" од втор циклус (магистерски) двегодишни студии на Факултет за современи и општествени науки при Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив:магистер по политички науки /во меѓународен промет академски назив: MA in political science.

4. Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 507- Политички науки
Научно – истражувачка област :
50700 - Политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго)
50701 - Политички системи
50702 - Современи политички системи
50703 - Граѓанско општество, политички партии и интересни групи
50704 - Меѓународни политишки организаци
50708 - Политика на поединечни активности, структури и специјалности
50709 - Методологија и теорија во политичките науки
50701 - Друго

5. Бројот на студенти кои се запишуваат во прва година на оваа студиска програма е 20.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

[1] 03-353/1 [2021]

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената одлука бр. 08-3600/2 од 10.12.2019 год. година од страна на Сенатот на универзитетот за усвојување на студиската програма „Политички науки“ втор циклус студии на Факултет за современи и општествени науки при Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово, до Одборот за акредитација на високото образование достави барање бр 1405-412/1 од 16.12.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3 седница одржана на 01.07.2020година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 1409-412/3 од 05.01.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 10-та седница одржана на 28.12.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски